OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 19-ти октомври 2016 година

**По повод месецот на штедење - есенска промоција на Депозит Прогрес во Охридска банка Сосиете Женерал**

# Зголемени, растечки и гарантирани каматни стапки за денарски депозити на 12, 24 и 36 месеци

**Скопје, 19.10.2016 –** Традиционално, во октомври, месецот на штедење, Охридска банка Сосиете Женерал подготви атрактивна понуда за своите клиенти кои сакаат да штедат во денари. Имено, од денеска па се до 26. ноември 2016 г., клиентите кои ќе ја одберат опцијата Депозит Прогрес добиваат одлични услови за штедење во денари, односно зголемени, растечки и гарантирани каматни стапки согласно избраниот период на штедење.

Депозит Прогрес во денари е производ од портфолиото на Охридска банка Сосиете Женерал кој на клиентите им нуди можност за избор на различен рок на депозит, гарантирани и фиксни каматни стапки кои, во зависност од периодот на орочување на средствата, прогресивно растат по периоди: за средства орочени на 12 и 24 месеци, каматните стапки растат во четири периоди на секои 3 односно 6 месеци, додека за средства орочени на 36 месеци, каматните стапки растат во 6 периоди односно на секои 6 месеци.

Со новата понуда, каматните стапки на денарскиот Депозит Прогрес се зголемени, па така, клиентите кои ќе се одлучат за денарски депозит на 12 месеци, добиваат растечка каматна стапка во последниот период до 4%. Клиентите кои пак ќе ги орочат своите средства во денари на 24 месеци, добиваат растечка каматна стапка до 4,50% во последниот период на орочување. Следствено на тоа, за денарски депозити на 36 месеци, на крајот од периодот клиентите ќе добијат каматна стапка до 4,75 %.

Минималниот износ на влог изнесува 15.000 денари, а клиентот добива можност и за дополнителни вложувања до максимални 100.000 евра во денарска противвредност.

Дополнително, на клиентите им е на располагање и уникатната услуга на пазарот за осигурување на депозит - Депозит Плус Осигурување, која им овозможува за 2 ЕУР месечно да го осигураат својот денарски депозит.

Есенската промоција во Охридска банка Сосиете Женерал е достапна за сите нови депозити во денари.

Повеќе информации на www.ohridskabanka.mk и во сите експозитури на Охридска банка Сосиете Женерал.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА

+389 2 3167 709

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

За Охридска банка Сосиете Женерал

Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција. Од 2007 година, Охридска банка Сосиете Женерал припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 148.000 вработени, со седиште во 76 земји, групацијата Сосиете Женерал е на страната на 30 милиони клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 28 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал е носител на две награди од страна на „Euromoney“ во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ за 2010 и 2016 година. Исто така, светски познатото списание „Глобал фајненс“ ја прогласи Охридска банка Сосиете Женерал за Најдобра банка во Македонија за 2016 година во категоријата „Најдобри банки на пазарите во развој во Централна и Источна Европа“.

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**


Елена Глигоровска
Раководител на Дирекцијата за развој на производи, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709